Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

# АНАЛИЗА НА ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ ОД СТРАНА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ И НАЈЧЕСТИ ПРЕКРШУВАЊА ОД СТРАНА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ, ОПЕРАТОРИТЕ НА ЈАВНА ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА И ИЗДАВАЧИТЕ НА ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ ЗА 2017 ГОДИНА

Скопје, Март 2018 година

1. ВОВЕД ... 4
2. ПРАВНА РАМКА ... 6
2.1. Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Закон за медиуми и Закон за прекршоците ... 6
2.2. Изборен законик ... 7
3. ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ КОН РАДИОДИФУЗЕРИТЕ, ОПЕРАТОРИТЕ НА ЈАВНА ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА И ИЗДАВАЧИТЕ НА ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ 7
4. ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ КОН РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ... 9
4.1. Решенија за преземање мерка - опомена ... 9
4.1.1. Опомени по Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица ... 11
4.1.2. Опомени по Законот за медиуми ... 13
4.2. Прекршочна постапка/спроведена забрзана постапка за порамнување ... 15
4.3. Предлози до Советот на Агенцијата за одземање на дозволи ... 15
4.4. Решенија за бришење од регистарот на радиодифузери ... 18
5. ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ КОН ОПЕРАТОРИТЕ НА ЈАВНА ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА ... 19
6. ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ КОН ИЗДАВАЧИТЕ НА ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ ... 20
7. ПОСТАПУВАЊА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ КОИ ПРОИЗЛЕГОА ОД СЛЕДЕЊЕТО НА ИЗБОРНОТО МЕДИУМСКОТО ПРЕТСТАВУВАЊЕ ... 22
7.1. Неодржани предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои беа закажани за 5-ти јуни 2016 година ... 22
7.2. Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија одржани на 11-ти декември 2016 година ... 23
7.2.1. Состојба на поведените прекршочни постапки со предлог судот да изрече прекршочни санкции - опомени, за повреди на одредбите од Изборниот законик ... 23
7.2.2. Состојба на поведените прекршочни постапки со предлог судот да изрече прекршочни санкции – глоби, за повреди на одредбите од Изборниот законик ... 25
8. ПРЕКРШОЧНИ ПОСТАПКИ ЗА КОНСТАТИРАНИ ПОВРЕДИ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК ЗА ИЗБОРИТЕ ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТИТЕ НА ОПШТИНИТЕ И СОВЕТОТ НА ГРАД СКОПЈЕ И ЗА ГРАДОНАЧАЛНИЦИ НА ОПШТИНИТЕ И ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ГРАД СКОПЈЕ ВО 2017 ГОДИНА ... 26
8.1. Состојба на поведените прекршочни постапки за констатирани повреди на Изборниот законик за Изборите за членови на советите на општините и Советот на Град Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Град Скопје ... 28
9. ПОСТАПУВАЊА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ КОИ ПРОИЗЛЕГОА ОД СЛЕДЕЊЕТО НА ИЗБОРНОТО МЕДИУМСКОТО ПРЕТСТАВУВАЊЕ ВО ТЕКОТ НА 2017 ГОДИНА ... 31

10. СОГЛЕДУВАЊА ЗА ПОЧИТУВАЊЕ НА РОКОТ ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ НА СУДОВИТЕ И ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА РОКОТ ОД СТРАНА НА СУДОТ ВО КОЈ МОЖЕ ДА СЕ ИЗЈАВИ ЖАЛБА ПРОТИВ ПРВОСТЕПЕНА ОДЛУКА ........ 34

11. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ........ 37

12. ПРЕПОРАКИ ........ 39

13. ПРИЛОЗИ ........ 41

Прилог бр.1 - Решенија за преземање мерка – опомена од страна на АААВМУ до радиодифузерите (ТРД) ........ 42

Прилог бр.2 - Преглед на успешно спроведени постапки за порамнување за прекршувања на одредбите од ЗААВМУ, од страна на радиодифузерите во Република Македонија, за сторени прекршувања во 2017 година ........ 51

Прилог бр.3 - Предлози до Советот за одземање на дозволата на радиодифузерите . 52

Прилог бр.4 - Решенија за бришење од регистарот на радиодифузери ........ 58

Прилог бр. 5 - Решенија за преземање мерка – опомена од страна на АААВМУ до операторите на јавна електронска комуникациска мрежа ........ 60

Прилог бр.6 - Решенија за преземање мерка – опомена од страна на АААВМУ до издавачите на печатени медиуми ........ 62

Прилог бр.7 - Преглед на поднесени барања за поведување на прекршочни постапки за прекршувања на одредбите од Изборниот законик - Неодржани предвремени избори (јуни) за пратеници во Собранието Република Македонија во 2016 година ........ 64

Прилог бр.8 - Преглед на прекршочните постапки со барања за изрекување опомени, за предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија,одржани на 11 декември 2016 година ........ 66

Прилог бр.9 - Преглед на прекршочните постапки со барања за изрекување глоби, за предвремените избори за пратеници во Собранието на Републик Македонија одржани на 11 декември 2016 година ........ 83

Прилог бр.10 - Преглед на прекршочни постапки од Локалните Избори 2017 година . 106

# АНАЛИЗА НА ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ ОД СТРАНА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ И НАЈЧЕСТИ ПРЕКРШУВАЊА ОД СТРАНА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ, ОПЕРАТОРИТЕ НА ЈАВНА ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА И ИЗДАВАЧИТЕ НА ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ ЗА 2017 ГОДИНА

## 1. ВОВЕД

Анализата на преземени мерки од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и најчести прекршувања од страна на радиодифузерите, операторите на јавна електронска комуникациска мрежа и издавачите на печатени медиуми за 2017 година е изработена согласно Програмата за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во 2017 година, бр.01-618/1 од 02.02.2017 година, при што истата го опфаќа периодот од 1-ви јануари 2017 година, заклучно со 31 декември 2017 година.

Предмет на оваа анализа се мерките кои регулаторното тело во рамките на своите законски надлежности, ги презеде кон радиодифузерите, операторите на јавна електронска комуникациска мрежа и издавачите на печатени медиуми, за констатирани повреди на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ)[1], прописите донесени врз основа на него, условите и обврските од дозволите, како и на Законот за медиуми (ЗМ)[2]. Анализата ги адресира најчестите повреди на прописите сторени од страна на субјектите над чие работење Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врши надзор.

Исто така, во фокусот на оваа Анализа се и постапувањата на Агенцијата произлезени од следењето на изборното медиумско претставување за време на Изборите за членови на советите на општините и Советот на Град Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Град Скопје кои се одржаа во 2017 година. Во рамките на овој дел, се продолжува со анализирање на статусот на поведените прекршочни постапки против радиодифузерите за време на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2016 година кои беа предмет на Анализата на поведените

[1]Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17)
[2] Закон за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14)

прекршочни постапки против радиодифузерите за време на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2016 година[3]. Имено, во Анализата за 2017 година опфатен е периодот од 31.07.2017 година до 31.12.2017 година, со цел да се даде сеопфатен приказ на состојбата на овие постапки.

Цел на оваа анализа е да се прикаже какви видови прекршувања имало и какви мерки биле изречени од страна на Агенцијата, да се види каква е тенденцијата на почитување на одредбите на ЗААВМУ, ЗМ, Изборниот Законик (ИЗ)[4] како и на подзаконските акти, од страна на односните субјекти, да се дадат определени препораки за евентуална измена и дополнување на регулативата што произлегува од констатираната состојба и нејзината споредба со важечката правна рамка со која е уредено постапувањето на Агенцијата.

---

[3] Анализата на поведените прекршочни постапки против радиодифузерите за време на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2016 година е достапна на веб страната на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на следниот линк: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Analiza_na_povedenite_prekrshocni_postapki_protiv_radiodifuzerite_za_vreme_na_Predvremenite_parlamentarni_izbori_2016.pdf

[4] Изборен Законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17)

## 2. ПРАВНА РАМКА

### 2.1. Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Закон за медиуми и Закон за прекршоците

- На 3-ти јануари 2014 година, стапи во сила Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Од неговото донесување, а заклучно со 31.12.2017 година, истиот беше изменет, односно дополнет во шест наврати, од кои во 2017 година беше извршена и објавена само една измена („Службен весник на Република Македонија" бр.132/17). Измената се однесуваше на укинувањето на радиодифузната такса, при што се предвиде нов начин на финансирање на: ЈРП Македонска радио-телевизија, ЈП Македонска радиодифузија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Па така, наместо финансирањето да е од средствата од наплатената радиодифузна такса, се утврди финансирањето да е од средствата за финансирање на радиодифузната дејност обезбедени од Буџетот на Република Македонија. Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во член 6 став 1 алинеја 4 ја утврдува надлежноста на Агенцијата да презема мерки во случаите кога е извршена повреда на неговите одредби, како и на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.
- Во текот на 2017 година, Законот за медиуми не претрпе измени и дополнувања. Имено, Агенцијата согласно член 29 од ЗААВМУ, врши административен надзор на работењето на издавачите на медиуми, само од аспект на усогласеност на нивното работење со обврските утврдени во Законот за медиуми, пропишани во член 6 (обврска за обезбедување на заштита на малолетни лица), член 8 (одговорен уредник), член 14 (импресум) и член 15 (јавност во работата на издавачите на медиуми) од истиот закон.
- Исто така, Законот за прекршоците[5], во анализираната година не претрпе измени и дополнувања. Со овој закон се утврдени општите услови за пропишување на прекршоците и прекршочните санкции, општите услови за утврдување на прекршочната одговорност, за изрекување и извршување на прекршочните санкции, забрзаните прекршочни постапки и прекршочната постапка што ја водат судовите односно прекршочните органи.

[5] Закон за прекршоците („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17)

## 2.2. Изборен законик

Покрај надлежноста за поведување на прекршочни постапки пропишана во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата има надлежност да поведува прекршочни постапки и за повреди на одредбите од Изборниот законик, констатирани при следењето на изборното медиумско претставување и програмскиот сервис на радиодифузерите.

Во 2017 година, беа извршени две измени и дополнувања на Изборниот законик и тоа:

- на 01.06.2017 година беше извршена измена и дополнување на ИЗ, а Законот за изменување и дополнување на Изборниот Законик беше објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.67 од 01.06.2017 година. Основна цел заради која се донесе овој закон беше надминувањето на постојните проблеми во Република Македонија настанати поради неодржувањето на локалните избори во мај 2017 година. Изменувањето се однесуваше на месецот на одржување на Изборите за членови на совет и за градоначалник кои се одржуваат секоја четврта година истовремено во сите општини кои наместо во првата половина во мај, беше наведено дека ќе се одржат во првата половина во октомври. Воедно беше додаден и нов член (196-к), кој се однесуваше на мандатот на членовите на советите и на градоначалниците од изборите одржани на 24 март 2013 година, определен да трае до изборот на новите членови на советите и на градоначалниците.
- На 11.09.2017 година беше донесен Законот за изменување и дополнување на ИЗ кој беше објавен во „Службен весник на Република Македонија", бр.125 од 11.09.2017 година, и кој се однесуваше на периодот и начинот на усогласување на составот на Државната изборна комисија, од страна на Собранието на Република Македонија.

# 3. ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ КОН РАДИОДИФУЗЕРИТЕ, ОПЕРАТОРИТЕ НА ЈАВНА ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА И ИЗДАВАЧИТЕ НА ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во член 6 став 1 алинеја 4 пропишува дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е надлежна да презема мерки во случаите кога е извршена повреда на одредбите од овој закон или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Кога Агенцијата при вршење на работите од својата надлежност ќе констатира непочитување на одредбите од овој закон и подзаконските акти донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата,

против издавач на медиум, давател на аудиовизуелни услуги по барање или оператор на јавни електронски комуникациски мрежи кој врши реемитување на програмски сервиси, директорот на Агенцијата, согласно член 23 од ЗААВМУ, може да ги преземе следниве мерки:

- да донесе решение со кое ќе го опомене;
- да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка во случај кога и покрај донесеното решение за опомена продолжува со вршење на истата повреда за која е опоменет, во текот на годината;
- да достави предлог до Советот за одземање на дозволата или
- да донесе решение за бришење од регистарот согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во текот на 2017 година, Агенцијата за констатирани непочитувања на одредбите од ЗААВМУ, ЗМ, Правилникот за заштита на малолетните лица, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти свои акти, против радиодифузерите, операторите на јавна електронска комуникациска мрежа и издавачите на печатени медиуми, презеде вкупно 97 (деведесетиседум) мерки, од кои:

- 56 (педесетишест) решенија за преземање мерка – опомена (од кои 41 решение за преземање мерка – опомена кон радиодифузерите, 7 решенија за преземање мерка – опомена кон операторите на јавна електронска комуникациска мрежа и 8 решенија за преземање мерка – опомена кон издавачите на печатени медиуми);
- една прекршочна постапка/забрзана постапка за порамнување;
- 28 (дваесетиосум) предлози до Советот за одземање на дозвола; и
- 12 (дванаесет) решенија за бришење од регистарот на радиодифузери.




***Графички приказ број 1.***
***Структура на изречени мерки од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно ЗААВМУ и ЗМ, во периодот од 01.01.2017 година до 31.12.2017 година***

## 4. ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ КОН РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

### 4.1. Решенија за преземање мерка - опомена

Во периодот од 01.01.2017 година заклучно со 31.12.2017 година, поради констатирани повреди на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Правилникот за заштита на малолетните лица и Законот за медиуми, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе 41 (четириесетиедно) решение за преземање мерка - опомена кон радиодифузерите. Од вкупно изречените 41 (четириесетиедна) опомена, 20 (дваесет) опомени се изречени на телевизии (пет телевизии кои емитуваат програма на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс, две телевизии кои емитуваат програма на државно ниво преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс, една телевизија која емитува програма на државно ниво преку сателит, една телевизија која емитува програма на регионално ниво преку дигитален терестријален мултиплекс, една

телевизија која емитува програма на регионално ниво преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс и две телевизии кои емитуваат програма на локално ниво преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс) и 21 (дваесетиедна) опомена е изречена на радија (две радија кои емитуваат програма на државно ниво, шест радија кои емитуваат програма на регионално ниво и десет радија кои емитуваат програма на локално ниво, сите преку терестријален предавател).

Прегледот на преземените мерки – опомени со податоци за субјектот на кој му е изречена опомената, Уп1[6] бројот и датумот на решението за преземање мерка – опомена, одредбата од законот, односно подзаконскиот акт која е повредена, опис на прекршокот, даден е во прилог на оваа анализа (Прилог бр.1).




***Графички приказ број 2.***
***Вкупен број на изречени опомени од страна на Агенцијата врз основа на ЗААВМУ и ЗМ за периодот од 01.01.2017 година до 31.12.2017 година***

[6] Уп1 број е бројот под кој се заведуваат предметите од првостепената управна постапка во уписник што го води Агенцијата

### 4.1.1. Опомени по Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица

Во текот на 2017 година, од вкупно 41 (четириесетиедна) изречена опомена кон радиодифузерите, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги изрече 19 (деветнаесет) опомени поради констатирани повреди на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

➢ Најчести повреди на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за кои се изречени мерки - опомени во анализираниот период, се повредите на одредбите на членот 92, и тоа девет опомени поради неисполнување на обврските на радиодифузерите за емитување музика и за програми изворно создадени на македонски јазик или на јазиците на заедниците во Република Македонија, од кои:

- една опомена поради неисполнување на обврската за дневно емитување најмалку 50% програма изворно создадена во Република Македонија на албански и на македонски јазик, од која половина во периодот од 07:00 до 19:00 часот (член 92 став 1 и став 14 од ЗААВМУ);
- една опомена поради неисполнување на обврската од страна на јавниот радиодифузен сервис за дневно емитување најмалку 60% програма изворно создадена во Република Македонија на македонски јазик односно на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија од која половина во периодот од 07:00 до 19:00 часот (член 92 став 2 и став 14 од ЗААВМУ);
- една опомена поради непочитување на обврската за процентуална распределба на емитуваната музика - 50% народна музика и 50% забавна музика, неемитување најмалку половина од законскиот минимум музика во периодот од 07:00 до 19:00 часот и необезбедување соодветна процентуална застапеност на народната и забавната музика (член 92 став 4 и став 6 од ЗААВМУ);
- две опомени поради неемитување половина од изворно создадената програма во Република Македонија на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија, во периодот од 07:00 до 19:00 часот (член 92 став 14 од ЗААВМУ);
- четири опомени поради необезбедување најмалку 40% од емитуваната инструментална, вокална и/или вокално-инструментална музика во текот на денот да биде на македонски јазик или на јазикот на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија (член 92 став 15 од ЗААВМУ);

Исто како и во 2017 година, така и во 2016 година, најчесто прекршуван бил членот 92 од ЗААВМУ. Имено, во 2016 година во врска со членот 92 од ЗААВМУ, од страна на Агенцијата биле изречени 19 мерки (од вкупно 39 мерки изречени кон радиодифузерите за повреда на одредби од ЗААВМУ), а во 2017 година изречени се 9 мерки (од вкупно 19 мерки изречени кон радиодифузерите за повреда на одредби од ЗААВМУ)[7].

➢ Три опомени беа изречени заради констатирани повреди на членот 64 (употреба на јазик) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и тоа:

- една опомена поради емитување делови од програмата (најава за идентификација на програмскиот сервис) на англиски јазик, без истите да бидат емитувани на македонски јазик (член 64 став 1 од ЗААВМУ);
- две опомени поради необезбедување на превод на македонски јазик, односно на јазикот на заедницата што не е мнозинство, на програмите на странски јазици или деловите од нив што се емитуваат на програмите на радиодифузерите (член 64 став 3 од ЗААВМУ);

➢ Поради прекршувања на други членови од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги беа изречени следните опомени, и тоа:

- една опомена поради неизвестување на Агенцијата за промена на сопственичка структура и спроведување на промена на сопственичката структура пред истата да биде одобрена од страна на Агенцијата (член 41 став 1 и став 2 од ЗААВМУ);
- една опомена поради пренесување кинематографско дело без договор за уредени права за емитување склучен со имателот на правата (член 49 од ЗААВМУ);
- една опомена поради непочитување на правилата за заштита на малолетната публика од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички и морален развој - емитување промотивни најави за играна програма без да бидат означени со сигнализација за заштита на малолетните лица (член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица[8]);
- една опомена поради необезбедување на информации што треба да им се направат достапни за корисниците (член 51 став 1 од ЗААВМУ);

---

[7] Прегледот на преземените мерки – опомени кон радиодифузерите за 2016 година, за повреда на одредби од ЗААВМУ е даден на страна број 21 од Анализата за сите преземени мерки од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и најчести прекршувања од страна на радиодифузерите, издавачите на печатени медиуми и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа за 2016 година, достапна на веб страницата на Агенцијата на следниот линк: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/06/Analiza_na_site_prezemeni_merki_od_srtana_na_AVMU_za_2016_godina.pdf

[8] Правилникот за заштита на малолетните лица е достапен на веб страницата на Агенцијата на следниот линк: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/06/Pravillnik_za_zastita_na_malloletnite_lica.pdf

- една опомена поради тоа што во програма со наградно учествување не беа објавени правилата за учество во програмата, ни информации за јавно ветените награди (член 52 од ЗААВМУ);
- една опомена поради непочитување на правилата за емитување програма во која се пласирани производи (член 55 став 6 и став 7 од ЗААВМУ), и
- една опомена поради употреба на знак за идентификација поинаков од оној утврден во дозволата за радио емитување и недоставување примерок од новиот знак за идентификација до Агенцијата (член 97 став 4 и став 5 од ЗААВМУ).




***Графички приказ број 3.***
***Број на изречени мерки - опомени од страна на Агенцијата по одредби од ЗААВМУ и Правилникот за заштита на малолетните лица, кои биле повредени од страна на радиодифузерите, во периодот од 01.01.2017 година до 31.12.2017 година***

### 4.1.2. Опомени по Законот за медиуми

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во периодот од 01.01.2017 година до 31.12.2017 година, изрече вкупно 22 (дваесетидве) опомени поради прекршување на одредбите од Законот за медиуми.

Најголем број, односно 15 (петнаесет) опомени се изречени поради неисполнување на обврската од страна на радиодифузерите во законски предвидениот рок за доставување писмен извештај за спроведување на обврските утврдени во дозволата за телевизиско/радио емитување, ниту информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во Република Македонија или надвор од неа (член 15 став 5 од ЗМ).

Понатаму, четири опомени Агенцијата изрече поради необјавување на сопствената програма, податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично) и недоставување снимка од објавата во рок од 15 дена од денот на објавувањето до Агенцијата (член 15 став 3 од ЗМ), а поради необјавување на податоци (импресум) од страна на радиодифузерите кои се должни истите да ги емитуваат на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис (член 14 од ЗМ), Агенцијата изрече три опомени.




***Графички приказ бр. 4***
***Број на изречени мерки - опомени од страна на Агенцијата по одредби од ЗМ кои биле повредени од страна на радиодифузерите во периодот од 01.01.2017 година до 31.12.2017 година***

## 4.2. Прекршочна постапка/спроведена забрзана постапка за порамнување

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во член 23 став 1 алинеја 2 пропишува дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги поднесува барање за поведување на прекршочна постапка во случај кога и покрај донесеното решение за опомена издавачот на медиум, давателот на аудиовизуелни медиумски услуги по барање или операторот на јавна електронска комуникациска мрежа, продолжува со вршење на истата повреда за која е опоменат, во текот на една година.

Во согласност со член 46 став 2 од Законот за прекршоците, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на сите сторители на прекршоци им предлага постапка за порамнување пред да го поднесе барањето за поведување на прекршочна постапка.

Агенцијата, врз основа на извршен програмски надзор кај еден радиодифузер (кој претходно беше опоменат, односно му беше наложено да го усогласи своето работење со одредбите од ЗААВМУ), констатираше дека продолжил со вршење на истата повреда за која бил опоменат во текот на годината.

Следствено на тоа, а во согласност со одредбите од ЗП, Агенцијата спроведе постапка за порамнување/постапка за издавање на прекршочен платен налог, која постапка заврши успешно, односно сторителите на прекршокот (радиодифузерот и одговорното лице на програмата во правното лице), во рок од 8 дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, платија половина од висината на глобите утврдени во казнените одредби од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Прилог бр.2).

## 4.3. Предлози до Советот на Агенцијата за одземање на дозволи

Во текот на анализираната година, до Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од страна на директорот на Агенцијата, беа доставени 28 (дваесетиосум) предлози за иницирање на постапки за донесување одлуки за одземање на дозволата за телевизиско или радио емитување. Прегледот на поединечните предлози до Советот за одземање на дозволата за телевизиско или радио емитување е даден во прилог на оваа анализа (Прилог бр.3).

- Најголемиот број од доставените предлози за покренување постапка за одземање на дозволата или поточно 26 (дваесетишест), беа доставени до Советот на Агенцијата поради неплаќање на годишниот надоместок за дозволата за телевизиско или радио

емитување, од страна на имателите на дозвола, во законски утврдениот рок (член 80 став 5 од ЗААВМУ).

При споредба со бројот на доставени предлози за покренување постапка за одземање на дозволата до Советот на Агенцијата, во текот на 2016 година[9], видно е дека исто како и во 2017 година, најголемиот број од доставените предлози за покренување постапка за одземање на дозволата или поточно 34 (триесетичетири), биле доставени поради неплаќање на годишниот надоместок за дозволата за телевизиско или радио емитување, од страна на имателите на дозвола, во законски утврдениот рок (член 80 став 5 од ЗААВМУ).

- Поради тоа што имателот на дозволата престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини (член 82 став 1 алинеја 2 од ЗААВМУ), до Советот на Агенцијата беа доставени два предлози за покренување на постапка за одземање на дозволата.

Од вкупно иницираните 28 (дваесетиосум) постапки за одземање на дозволата за телевизиско или радио емитување, Советот на Агенцијата запре 24 (дваесетичетири) од причина што радиодифузерите го усогласија своето работење со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а за едно трговско радиодифузно друштво што поседува дозвола за телевизиско емитување на регионално ниво преку дигитален терестријален мултиплекс, донесената одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување беше поништена, односно беше донесено решение за запирање на иницираната постапка за одземање на дозволата, поради тоа што радиодифузерот го усогласи своето работење со одредбите од ЗААВМУ.[10]

- Поради неотстранување на сторените повреди на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, три иницирани постапки за одземање на дозволата за телевизиско или радио емитување, завршија со одземање на дозволите од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Одземени беа дозволи на едно трговско радиодифузно друштво што поседуваше дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, едно трговско друштво за радиодифузија што поседуваше дозвола за телевизиско

[9] Прегледот на предлозите до Советот за одземање на дозволата на радиодифузерите за 2016 година е даден на страна 43 од Анализата за сите преземени мерки од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и најчести прекршувања од страна на радиодифузерите, издавачите на печатени медиуми и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа за 2016 година, достапна на веб страницата на Агенцијата на следниот линк: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/06/Analiza_na_site_prezemeni_merki_od_srtana_na_AVMU_za_2016_godina.pdf

[10] Донесена е одлука за поништување на одлуката за одземање на дозвола за телевизиско емитување од страна на Советот на Агенцијата

емитување на локално ниво преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс и едно трговско радиодифузно друштво што поседуваше дозвола за радио емитување на локално ниво преку терестријален предавател.




***Графички приказ број 5.***
***Поднесени предлози до Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за одземање на дозволи во периодот од 01.01.2017 година до 31.12. 2017 година***

## 4.4. Решенија за бришење од регистарот на радиодифузери

Во текот на 2017 година, Директорот на Агенцијата донесе 12 (дванаесет)[11] решенија за бришење од регистарот на радиодифузери, и тоа на:

✓ шест радиодифузери кои емитуваа телевизиска програма им престана важноста на дозволата за телевизиско емитување по сила на закон, со писмена изјава на имателот на дозволата дека престанува со емитување на телевизиска програма (член 85 став 1 алинеја 2 од ЗААВМУ);

✓ два радиодифузери кои емитуваа телевизиска програма им престана важноста на дозволата за телевизиско емитување по сила на закон – со одземање на дозволата од страна на Агенцијата (член 85 став 1 алинеја 4 од ЗААВМУ);

- За еден радиодифузер кој емитуваше телевизиска програма, донесеното решение за бришење од регистарот на радиодифузери не произведе правно дејство бидејќи од страна на Советот на Агенцијата беше донесена Одлука за поништување на одлуката за одземање на дозволата за телевизиско емитување;

✓ два радиодифузери кои емитуваа радио програма, им престана важноста на дозволата за радио емитување по сила на закон, со писмена изјава на имателот на дозволата дека престанува со емитување на радио програма (член 85 став 1 алинеја 2 од ЗААВМУ) и

✓ на еден радиодифузер кој емитуваше радио програма, му престана важноста на дозволата за радио емитување по сила на закон – со одземање на дозволата од страна на Агенцијата (член 85 став 1 алинеја 4 од ЗААВМУ).

Во прегледот (Прилог бр.4) кон оваа анализа, дадени се детални податоци за радиодифузерите за кои се донесени решенија за бришење од регистрите на радиодифузери, со број и датум на решенијата за бришење од регистрите на радиодифузери.

На својата веб страница, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги има објавено регистар на телевизии и регистар на радија, во кои заклучно со 31.12.2017 година, евидентирани биле вкупно 128 комерцијални радиодифузери (58 телевизии и 70 радија) и Јавниот радиодифузен сервис. Во текот на 2017 година, четири радиодифузери беа избришани од регистрите на радиодифузери.

---

[11] Едно од донесените решенија за бришење од регистарот на радиодифузери не произведе правно дејство бидејќи од страна на Советот на Агенцијата беше донесена одлука за поништување на одлуката за одземање на дозвола за телевизиско емитување

## 5. ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ КОН ОПЕРАТОРИТЕ НА ЈАВНА ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА

Операторите на јавна електронска комуникациска мрежа (кабелски оператори) реемитуваат програмски пакети, составени од странски и домашни програмски сервиси. Операторите вршат реемитување само врз основа на потврда издадена од Агенцијата, по претходно поднесена пријава од страна на операторот, која се издава за поединечен сервис или за програмскиот пакет во целина.

Агенцијата врши програмски надзор (мониторинг) на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавна електронска комуникациска мрежа, врз основа на кој во периодот од 01.01.2017 година заклучно со 31.12.2017 година, беа донесени вкупно седум решенија за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси. Мерките им беа изречени на операторите за кои беа констатирани прекршувања на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради реемитување на програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата. Едно од донесените решенија за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси беше огласено за ништовно во целост, со Решение Уп1 бр.11-402 од 02.10.2017 година, поради доставено известување до Агенцијата во кое е наведено дека програмскиот сервис „Tring Max" е ребрендиран во програмскиот сервис „Tring Action", кој е опфатен со потврдите за регистрација на програмски сервиси издадени од Агенцијата.

Прегледот на преземените мерки кон операторите на јавна електронска комуникациска мрежа е даден во прилог на оваа анализа (Прилог бр.5).

На својата веб страница, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги има објавено регистар на оператори на јавна електронска комуникациска мрежа, во кој заклучно со 31.12.2017 година, биле евидентирани вкупно 39 (триесетидевет) субјекти.

Во текот на 2017 година, три субјекти (оператори на јавна електронска комуникациска мрежа) беа избришани од регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети, по доставено известување од нивна страна.

## 6. ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ КОН ИЗДАВАЧИТЕ НА ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ

Согласно утврдените законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врши административен надзор на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со условите утврдени со Законот за медиуми, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и прописите донесени врз основа на него.

Како што е и понапред наведено во оваа Анализа, административниот надзор над работењето на издавачите на печатени медиуми исклучиво се однесува само од аспект на усогласеност на нивното работење со обврските пропишани во Законот за медиуми утврдени во членот 6 (обврска за обезбедување на заштита на малолетни лица), членот 8 (одговорен уредник), членот 14 (импресум) и членот 15 (јавност во работата на издавачите на медиуми) од истиот закон.

Во анализираната година, Агенцијата донесе девет решенија за преземање мерка – опомена кон издавачите на печатени медиуми.

Од деветте изречени опомени, најголем дел односно седум беа изречени против издавачите на печатени медиуми кои не ја исполнија законската обврска на видно место за секој поединечен носител на содржина (примерок од печатен медиум) да обезбедат објавување на податоци за: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум, име на одговорното лице на издавачот на медиум, име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување како и бројот на печатени примероци (член 14 став 1 од ЗМ).

Две опомени од страна на Агенцијата беа изречени против издавачи на печатени медиуми кои најдоцна до 31 март во тековната година (2017 година), во најмалку еден дневен весник не ги објавија податоците за сопственичката структура, односно податоците за називот и седиштето на правните лица или името и местото на престојување на физичките лица кои се сопственици на акции или на удел кај издавачот на медиумот, со податоци за процентот на акциите или уделот кој го стекнале и датумот на стекнување, ниту пак до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги доставиле исечок од објавата во рок од 15 дена од денот на објавувањето (член 15 став 2 од ЗМ).

Агенцијата на својата веб страница води регистар на издавачи на печатени медиуми, во кој заклучно со 31.12.2017 година, евидентиран бил 21 (дваесетиеден) субјект.

Од регистарот на издавачи на печатени медиуми во текот на 2017 година, избришани се два издавачи на печатени медиуми, од кои еден издавач на печатен медиум по

доставено известување од негова страна и еден издавач на печатен медиуми поради тоа што престана да издава неделен весник.

Прегледот на преземените мерки кон издавачите на печатени медиуми е даден во прилог на оваа анализа (Прилог бр.6).




***Графички приказ број 6.***
***Преземени мерки кон издавачите на печатени медиуми во периодот од 01.01.2017 година до 31.12.2017 година***

## 7. ПОСТАПУВАЊА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ КОИ ПРОИЗЛЕГОА ОД СЛЕДЕЊЕТО НА ИЗБОРНОТО МЕДИУМСКОТО ПРЕТСТАВУВАЊЕ

Имајќи ги предвид надлежностите на Агенцијата за следење на изборното медиумско претставување, во август 2017 година, беше објавена Анализа на поведените прекршочни постапки против радиодифузерите за време на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2016 година.[12] Оваа анализа ги опфати прекршочните постапки поведени за време на Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија планирани да се одржат на 24 април 2016 година, а подоцна распишани за 5 јуни 2016 година, кои избори не се одржаа, како и прекршочните постапки поведени за време на Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија кои се одржаа на 11 декември 2016 година. Напред цитираната анализа го опфати периодот од 15 април 2016 година, кога со Решение бр.09-2194/1 од 15.04.2016 година, донесено од страна на претседателот на Собранието на Република Македонија беа распишани предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои требаше да се одржат на 5 јуни 2016 година, заклучно со 31 јули 2017 година.

Па така, покрај постапувањата на Агенцијата произлезени од следењето на изборното медиумско претставување за време на Изборите за членови на советите на општините и Советот на Град Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Град Скопје кои се одржаа во 2017 година, во делот што следи ќе се продолжи со анализирање на поведените прекршочни постапки против радиодифузерите за време на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2016 година, за периодот од 31.07.2017 година до 31.12.2017 година, со цел да се добие сеопфатен приказ на состојбата на овие постапки.

### 7.1. Неодржани предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои беа закажани за 5-ти јуни 2016 година

Во Анализата на поведените прекршочни постапки против радиодифузерите за време на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2016

[12] Анализата на поведените прекршочни постапки против радиодфузерте за време на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2016 година, е достапна веб страницата на Агенцијата на следниот линк: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Analiza_na_povedenite_prekrshocni_postapki_protiv_radiodifuzerite_za_vreme_na_Predvremenite_parlamentarni_izbori_2016.pdf

година е наведено дека Агенцијата во периодот од 25-ти април до 4-ти мај 2016 година за констатирани повреди на член 75-б од Изборниот законик поднела три барања за поведување на прекршочна постапка до надлежен суд. Едно од трите барања беше во постапка по жалба пред второстепениот суд, за кое барање заклучно со 31.12.2017 година, состојбата е непроменета, односно второстепениот суд нема доставено одлука до Агенцијата. Во однос на другите две барања за поведување на прекршочна постапка состојбата беше следна: едно од поднесените барања за поведување на прекршочна постапка беше во постапка по жалба до второстепениот суд, за кое барање Апелациониот суд исто така нема доставено одлука до Агенцијата. За другото поднесено барање за поведување на прекршочна постапка, по доставената ургенција од страна на Агенцијата, првостепениот суд донесе пресуда со која обвинетите ги ослободи од одговорност. Незадоволна од донесената одлука, Агенцијата во законски утврдениот рок поднесе жалба, а обвинетите дадоа одговор на жалба. Постапката е во тек пред Апелациониот суд.

Подетални податоци за текот на горенаведените постапки, заклучно со 31.12.2017 година, наведени се во табеларниот преглед даден во прилог на оваа Анализа (Прилог бр.7).[13]

## 7.2. Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија одржани на 11-ти декември 2016 година

Од објавувањето на Анализата на поведените прекршочни постапки против радиодифузерите за време на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2016 година, заклучно со 31.12.2017 година, состојбата по однос на поведените прекршочни постапки со предлог за изрекување прекршочна санкција опомена или глоба е следната:

### 7.2.1. Состојба на поведените прекршочни постапки со предлог судот да изрече прекршочни санкции - опомени, за повреди на одредбите од Изборниот законик

Во Анализата на поведените прекршочни постапки против радиодифузерите за време на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2016 година, меѓудругото е даден Приказ на исходот од прекршочните постапки – опомени за

[13] Статусот на поведените прекршочни постапки против радиодифузерите за време на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2016 година, за периодот од 31.07.2017 заклучно со 31.12.2017 година, е прикажан во прегледите со закосени букви.

предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија одржани на 11-ти декември 2016 година [14]. Во анализата беше прикажан бројот и статусот на поведените прекршочни постапки заклучно со 31.07.2017 година. Во периодот од 31.07.2017 година до 31.12.2017 година, состојбата во врска со поведените прекршочни постапки со предлог судот да изрече прекршочни санкции – опомени за повредите на одредбите од Изборниот законик, е променета, па така во текстот што следи ќе бидат прикажани промените, односно статусот на постапките за периодот опфатен со оваа Анализа:

- ✓ донесени беа три решенија од страна на второстепениот суд во 2017 година, од кои со две решенија жалбите на Агенцијата беа одбиени како неосновани и беа потврдени првостепени одлуки со кои беа отфрлени барањата за поведување на прекршочна постапка на Агенцијата со предлог за изрекување опомена, поради тоа што дејствијата опишани во барањата не биле прекршок. Со третото решение донесено од страна на второстепениот суд, жалбата на Агенцијата беше одбиена како неоснована, а првостепената одлука беше потврдена, односно обвинетите беа ослободени од одговорност;
- ✓ за прекршочните постапки за кои се очекуваше доставување на судски одлуки, донесени се четири пресуди од првостепениот суд со кои на обвинетите им беше изречена прекршочна санкција – опомена;
- ✓ за три прекршочни постапки, состојбата е непроменета, односно прекршочните постапки се во тек;
- ✓ за две прекршочни постапки судот нема доставено ниту покана за рочиште, ниту одлука;
- ✓ за една прекршочна постапка се чека одлука од првостепен суд, додека за уште една се чека одлука од второстепен суд; и
- ✓ по повод поднесена претставка до Советот за утврдување на факти во однос на решение од основен суд со кое на Агенцијата и се врати барањето за поведување прекршочна постапка поднесено против радиодифузер на постапка на порамнување и спогодување, иако станувaше збор за прекршок сторен по прв пат, за кој во ИЗ изрично е предвидена прекршочна санкција – опомена (кое беше потврдено и од страна на второстепениот суд), беше добиено известување од

[14] Анализа на поведените прекршочни постапки против радиодфузерте за време на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2016 година, слика број 4, страна 20: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Analiza_na_povedenite_prekrshocni_postapki_protiv_radiodifuzerite_za_vreme_na_Predvremenite_parlamentarni_izbori_2016.pdf

страна на Советот за утврдување на факти дека претставката се отфрла како неоснована.

Прегледот на прекршочни постапки со барања за изрекување опомени поведени за време на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, одржани на 11 декември 2016 година, со детални податоци за постапките заклучно со 31.12.2017 година е даден во прилог на оваа анализа (Прилог бр.8).

### 7.2.2. Состојба на поведените прекршочни постапки со предлог судот да изрече прекршочни санкции – глоби, за повреди на одредбите од Изборниот законик

Во Анализата на поведените прекршочни постапки против радиодифузерите за време на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2016 година, меѓудругото е даден Приказ на исходот од прекршочните постапки – глоби за предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија одржани на 11-ти декември 2016 година[15]. Меѓутоа, од 31.07.2017 година до 31.12.2017 година, постојат одредени промени во статусот на поведените прекршочни постапки, при што состојбата е следна:

- ✓ Статусот на две прекршочни постапки со барање за изрекување прекршочни санкции – глоби, е непроменет, односно истите се во тек пред првостепениот суд и за нив од страна на судот до Агенцијата не е доставена ниту одлука, ниту покана;
- ✓ во однос на шестте прекршочни постапки по кои Агенцијата поднесе жалби на првостепените одлуки до второстепениот суд, за:

  - три прекршочни постапки, второстепениот суд по повод жалбите на Агенцијата, ги укина решенијата на првостепениот суд и предметите ги врати на повторно одлучување. Првостепениот суд при повторно одлучување повторно ги отфрли барањата за поведување на прекршочна постапка на Агенцијата, со наоѓање дека постоеле други законски причини поради кои прекршочната постапка неможе да се поведе. Агенцијата повторно вложи жалби до второстепениот суд, по повод кои второстепениот суд донесе решенија со кои ги одби жалбите на Агенцијата како

[15] Анализа на поведените прекршочни постапки против радиодфузерте за време на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2016 година, слика број 6, страна 25: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Analiza_na_povedenite_prekrshocni_postapki_protiv_radiodifuzerite_za_vreme_na_Predvremenite_parlamentarni_izbori_2016.pdf

неосновани и ги потврди првостепените решенија, со кои се отфрлаат барањата на Агенцијата за поведување на прекршочна постапка; и

- три прекршочни постапки сѐ до изработката на оваа анализа второстепениот суд се нема произнесено, односно се очекува донесување на одлуки од негова страна;

✓ по повод 12 (дванаесет) жалби поднесени до второстепениот суд, против 12 (дванаесет) решенија донесени од страна на првостепениот суд при повторно одлучување, со кои решенија од страна на првостепениот суд повторно беа отфрлени барањата за поведување на прекршочна постапка на Агенцијата, со наоѓање дека постоеле други законски причини поради кои прекршочните постапки не може да се поведат, во текот на 2017 година, второстепениот суд донесе одлуки со кои ги одби како неосновани и ги потврди првостепените одлуки.

Прегледот на прекршочните постапки со барања за изрекување глоби, поведени за време на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, одржани на 11 декември 2016 година, со детални податоци за постапките, заклучно со 31.12.2017 година е даден во прилог на оваа Анализа (Прилог бр.9).

## 8. ПРЕКРШОЧНИ ПОСТАПКИ ЗА КОНСТАТИРАНИ ПОВРЕДИ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК ЗА ИЗБОРИТЕ ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТИТЕ НА ОПШТИНИТЕ И СОВЕТОТ НА ГРАД СКОПЈЕ И ЗА ГРАДОНАЧАЛНИЦИ НА ОПШТИНИТЕ И ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ГРАД СКОПЈЕ ВО 2017 ГОДИНА

Согласно член 76-в став 1 од Изборниот законик, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е должна да го следи изборното медиумско претставување и програмскиот сервис на радиодифузерите во Република Македонија од денот на распишувањето на изборите до завршувањето на гласањето на денот на одржувањето на изборите, при што во рок од 48 часа по утврдувањето на прекршувањето на одредбите од Изборниот законик, Агенцијата е должна да покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд против радиодифузерот што ги повредил одредбите од истиот законик.

Изборите за членови на советите на општините и Советот на Град Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Град Скопје (во понатамошниот текст: Локални избори 2017 година), беа спроведени врз основа на Решение за распишување на изборите бр.09-2482/1 од 06.08.2017 година, кое беше донесено од

претседателот на Собранието на Република Македонија и објавено во „Службен весник на Република Македонија“, број 103 од 06.08.2017 година.

Во однос на Локалните избори 2017 година, кои се одржаа на 15-ти октомври 2017 година (прв круг), 29-ти октомври 2017 година (втор круг) и 12-ти ноември 2017 година (трет круг), Агенцијата согласно утврдената законска надлежност поднесе 14 (четиринаесет) барања за поведување на прекршочна постапка до надлежен суд против радиодифузерите и одговорните лица на радиодифузерите, кои ги повредија одредбите од Изборниот законик, од кои:

- за прекршувања на член 75 став 1 од ИЗ, беа поведени четири прекршочни постапки против два радиодифузера, поради необезбедување покривање на изборите на избалансиран начин во вкупната програма и против два радиодифузера поради необезбедување покривање на изборите на непристрасен начин во својата вкупна програма;
- за прекршувања на член 75-ѓ став 1 од ИЗ, беа поведени три прекршочни постапки против два радиодифузера, поради емитување повеќе од осум минути платено политичко рекламирање (ППР) во еден реален час за политичките партии во опозиција, односно емитување повеќе од една минута ППР за политичките партии во Собранието на Република Македонија кои немаат пратеничка група и за политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија;
- за прекршувања на член 76 став 4 од ИЗ, поведени беа две прекршочни постапки против два радиодифузера, поради емитување ППР во посебни информативни програми;
- за прекршувања на член 76-б став 3 од ИЗ, поведени беа две прекршочни постапки против два радиодифузера, поради прекршување на изборниот молк;
- за прекршувања на член 76 став 2 од ИЗ поведена беше една прекршочна постапка против еден радиодифузер, поради јасно неозначување на нарачателот на ППР;
- за прекршувања на член 77 став 1 од ИЗ, поведена беше една прекршочна постапка против еден радиодифузер, поради објавување на резултатите од испитувањето на јавното мислење поврзано со учесниците во изборниот процес на Локалните избори 2017 година, по истекот на законски пропишаниот рок за тоа (најдоцна 5 дена пред денот определен за одржување на изборите за првиот круг на гласање); и
- за прекршувања на член 77 став 2 од ИЗ, поведена беше една прекршочна постапка против еден радиодифузер, поради објавување на резултатите од испитувањето на јавното мислење, без да се наведат податоците за веродостојноста на испитувањето, односно за: нарачателот на испитувањето, применетата

методологија, големината и структурата на испитаниот примерок и периодот во кој е спроведено испитувањето.




***Графички приказ број 7.***
***Поведени прекршочни постапки за време на Локалните избори 2017 година (прикажани по член од ИЗ кој е прекршен)***

Прегледот на прекршочните постапки, поведени за време на Локалните избори 2017 година е даден во прилог на оваа анализа (Прилог бр.10).

## 8.1. Состојба на поведените прекршочни постапки за констатирани повреди на Изборниот законик за Изборите за членови на советите на општините и Советот на Град Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Град Скопје

Состојбата по повод поднесените 14 (четиринаесет) барања за поведување на прекршочна постапка од страна на Агенцијата до надлежен суд со предлог судот да изрече прекршочни санкции - глоби за повреда на одредбите на Изборниот законик за време на Изборите за членови на советите на општините и Советот на Град Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Град Скопје, е опишана подолу.

- ✓ По повод 14 (четиринаесет) поведени прекршочни постапки со барање за изрекување прекршочни санкции – глоби, од страна на првостепените судови донесени се:

- 10 (десет) пресуди со кои обвинетите се огласуваат за виновни и изречени им се прекршочни санкции - глоби;
- една пресуда со која обвинетите се огласуваат за виновни и изречена им е прекршочна санкција – опомена; и
- едно решение со кое обвинетите се огласуваат за виновни и изречена им е прекршочна санкција – опомена.

Во однос на две барања за поведување на прекршочна постапка заклучно со 31.12.2017 година, првостепениот суд се нема произнесено, односно нема донесено одлуки.

✓ За 11 (единаесет) одлуки на првостепените судови, Агенцијата вложи жалби до Апелационите судови, од кои:

- 9 (девет) жалби поради висината на изречените прекршочни санкции – глоби и
- 2 (две) жалби поради видот на изречената прекршочна санкција.

За една одлука на првостепениот суд, беше вложена жалба од страна на обвинетите, по повод која, Агенцијата даде одговор на жалба.

✓ Во анализираниот период, второстепениот суд донесе две пресуди со кои жалбите на Агенцијата ги одби како несновани и ги потврди пресудите на првостепените судови, како и едно решение со кое жалбата на Агенцијата ја одби како неоснована, а решението на првостепениот суд го потврди.




*Графички приказ број 8.*
*Статус на прекршочните постапки од Локалните избори 2017 година*

## 9. ПОСТАПУВАЊА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ КОИ ПРОИЗЛЕГОА ОД СЛЕДЕЊЕТО НА ИЗБОРНОТО МЕДИУМСКОТО ПРЕТСТАВУВАЊЕ ВО ТЕКОТ НА 2017 ГОДИНА

Водена од фактот дека изборите се исклучително значајни за едно демократско општество, затоа што се сметаат за еден од најважните инструменти за демократскиот поредок на државата, а значењето на медиумите при изборните процеси е огромно со оглед на нивната општествена функција, па оттука и дека непочитување на правилата за изборно медиумско претставување треба соодветно да биде санкционирано од страна на Судот, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по повод донесени одлуки од страна на одредени судии на основните судови, односно судски совети на апелационите судови во Република Македонија, за кои сметаше дека се неадекватни, а кои беа донесени по повод покренати прекршочни постапки пред надлежните судови од страна на Агенцијата, поради повреда на одредбите на Изборниот законик од страна на одредени радиодифузери, во анализираната година презеде низа активности.

Во таа насока, Агенцијата поднесе претставки за разгледување и преиспитување на работата на судија/совет на судии до надлежни институции и известување за индиции за несовесно работење на суд поради тоа што барањата за поведување на прекршочни постапки поднесени против еден ист радиодифузер беа распределени кај еден ист судија. Па така, Агенцијата:

✓ Поднесе претставки за разгледување и преиспитување на работата на судија/совет на судии, до Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност на судија, и тоа за:

- судија на Основен суд Скопје I Скопје, поради донесување на 10 (десет) решенија со кои неосновано ги отфрли како ненавремени барањата за поведување прекршочна постапка на Агенцијата, бидејќи биле поднесени по истекот на преклузивниот рок од 48 часа од утврдување на прекршокот. Во однос на претставката, Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност на судија, одлучи да се отфрли претставката/иницијативата како неоснована;
- судија на Основен суд Дебар и за Совет на судии од Апелациониот суд Гостивар, поради решението од првостепениот суд, со кое барањето за поведување прекршочна постапка поднесено од Агенцијата го врати на постапка на порамнување и спогодување, иако станувуваше збор за прекршок сторен по прв

пат, за кој во Изборниот Законик изрично е предвидена прекршочна санкција – опомена. Ова решение беше потврдено и од страна на Апелациониот суд Гостивар. Во однос на претставката, Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност на судија, одлучи да се отфрли иницијативата како неоснована;

✓ Достави Известување до Врховениот суд на Република Македонија, со цел судот да утврди дали постојат индиции за нестручно и несовесно вршење на судската функција на судија кој одлучуваше во прекршочни постапки во Основен суд Скопје I Скопје, како и судии од Апелациониот суд Скопје. Истовремено, Агенцијата укажа и на фактот дека барањата за поведување на прекршочни постапки поднесени против еден ист радиодифузер се распределени кај еден ист судија, при што му предложи на Врховниот суд да утврди дали евентуално постојат индиции за несовесно работење на Судот при распоредувањето на прекршочните постапки, како и да преземе понатамошни дејствија. Заклучно со 31.12.2017 година, Врховниот суд на Република Македонија се нема произнесено во однос на горенаведеното известување;

✓ Достави Известување до Судскиот совет на Република Македонија, со цел истиот да утврди дали постојат индиции за нестручно и несовесно вршење на судската функција на некои од судиите кои одлучуваа во прекршочните постапки. Наведеното од причина што за исти прекршочни постапки, Апелациониот суд донесе дијаметрално спротивни одлуки. До 31.12.2017 година, Судскиот совет на Република Македонија се нема произнесено во однос на ова известување.

Исто така, поради одредени недоречености во изборната регулатива, имајќи предвид дека одредбите од Изборниот законик треба да бидат јасно, децидно и изрично пропишани, да бидат применливи во праксата, со цел да не бидат основ за различно толкување при нивната имплементација од страна на судовите, во смисла да бидат отфрлани барањата на Агенцијата, а сторителите на прекршокот да бидат ослободувани од одговорност, Агенцијата се обрати до надлежни институции со цел да добие стручно мислење или став. Нејасните, односно неприменливите во пракса одредби на Изборниот законик генерираат правна несигурност, негативно влијаат на одредени радиодифузери, во смисла да ги мотивира да не го почитуваат Изборниот законик, што во крајна линија нема да овозможи на учесниците во изборната кампања подеднакви услови за пристап до сите облици на медиумско претставување, што е и целта на изборната регулатива. Па така, Агенцијата:

✓ Достави допис до Државната изборна комисија на Република Македонија, со кој побара мислење во врска со примената на одредбата содржана во член 178-а од

Изборниот законик, околу тоа дали Агенцијата треба да спроведе забрзана постапка за порамнување пред да поведе прекршочна постапка за повреда на ИЗ, од причина што Агенцијата увиде недоследност, односно различна примена на напред цитираниот член од ИЗ од страна на судиите. Со оглед на тоа што Агенцијата дека не доби одговор на бараното мислење, повторно се обрати до Државната изборна комисија на Република Македонија со ургенција. Заклучно со 31.12.2017 година, Државната изборна комисија на Република Македонија се нема произнесено по однос на ова барање;

✓ Достави Барање за стручно мислење до Јавното обвинителство на Република Македонија во врска со понапред наведеното решение на Основниот суд Дебар, за тоа како Агенцијата да постапи и како да биде обезбедено извршувањето на судската одлука во случај кога Изборниот законик предвидува изрекување на прекршочна санкција – опомена, а судот е на поинакво мислење и го враќа предметот на постапка на порамнување и спогодување, и покрај тоа што станува збор за изрекување на прекршочна санкција – опомена. Јавното обвинетелство на Република Македонија, заклучно со 31.12.2017 година се нема произнесено ни по повод ова барање;

✓ Побара став од Врховниот суд на Република Македонија околу тоа дали по утврдувањето на прекршувањето на одредбите од Изборниот законик, а пред да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд, регулаторното тело треба или не треба да им предложи постапка за порамнување на сторителите, дотолку повеќе што според еден судија од првостепен суд забрзаната постапка за порамнување е задолжителна, додека пак според друг судија од првостепен суд спроведување на забрзаната постапка за порамнување не е должност на секој подносител, туку истото е условено и им припаѓа на сорителите само ако е пропишано со закон. Заклучно со 31.12.2017 година, Врховниот суд на Република Македонија се нема произнесено во врска со побараниот став;

✓ Достави барање за стручно мислење до Министерство за правда на Република Македонија, со предлог за измена на Изборниот законик. Барањето се однесуваше на спроведувањето на забрзаната постапка за порамнување, при што од страна на Агенцијата беше даден предлог истата да биде изрично пропишана во Изборниот законик, со наведување на тоа дали неа ја спроведува овластениот подносител на барањето за поведување на прекршочна постапка или судот. Од Министерството за правда, до Агенцијата беше доставено Мислење во кое беше наведена целта на забрзаните постапки, и беше цитиран член 178-а од Изборниот законик согласно кој забрзаната постапка повеќе не се спроведува. Исто така, во мислењето беше наведено и дека Министерството за правда не е надлежно да коментира судски одлуки;

✓ Достави допис до Јавното обвинителство на Република Македонија, со кој побара од обвинителството, да поднесе барање за заштита на законитоста до Врховниот суд на Република Македонија, согласно утврдените законски надлежности, во однос на решение на Основниот суд Дебар со кое на Агенцијата и се врати барање за поведување прекршочна постапка поднесено против радиодифузер, на постапка на порамнување и спогодување, иако станувате збор за прекршок сторен по прв пат, за кој во Изборниот Законик изрично е предвидена прекршочна санкција – опомена (кое решение беше потврдено и од страна на Апелациониот суд Гостивар). Заклучно со 31.12.2017 година, Јавното обвинителство на Република Македонија се нема произнесено по повод доставеното барање.

## 10. СОГЛЕДУВАЊА ЗА ПОЧИТУВАЊЕ НА РОКОТ ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ НА СУДОВИТЕ И ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА РОКОТ ОД СТРАНА НА СУДОТ ВО КОЈ МОЖЕ ДА СЕ ИЗЈАВИ ЖАЛБА ПРОТИВ ПРВОСТЕПЕНА ОДЛУКА

По поднесено барање за поведување на прекршочна постапка, надлежниот суд е должен да одлучи во рок од 48 часа од денот на приемот на барањето, кој рок е пропишан во член 76-в од Изборниот законик. Согласно овој член, исто така пропишано е дека против одлуката на надлежниот суд може да се изјави жалба во рок од 24 часа од приемот на одлуката, како и дека второстепениот суд е должен по жалбата да одлучи во рок од 48 часа од денот на нејзиниот прием. Меѓутоа, како што може да се забележи и во табелата дадена подолу (Табела бр.1), судовите при донесување на своите одлуки постапуваа во подолги рокови од оние пропишани во Изборниот законик. Само еден судија на основен суд, во три наврати одлучил во законски утврдениот рок од 48 часа.

Исто така, и апелациониот суд, во еден наврат одлучи по поднесена жалба во рок од 48 часа од денот на нејзиниот прием.

Видно од Табелата број 1 е дека најкраткиот рок за постапување од страна на судиите бил еден ден, додека најдолгиот рок бил 36 (триесетишест) дена.

| | Основен суд | | | | Апелационен суд | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Период на постапување од најкраток до најдолг рок по судија (изразено во денови) | Судија А | Судија Б | Судија В | Судија Г | Совет А | Совет Б |
| | 1 ден | 12 дена | 8 дена | 12 дена | 1 ден | 28 дена |
| | 2 дена | | 11 дена | | 6 дена | |
| | 2 дена | | 12 дена | | | |
| | 7 дена | | 20 дена | | | |
| | | | 22 дена | | | |
| | | | 36 дена | | | |

| | |
|---|---|
| Најкраток рок на постапување | 1 ден |
| Најдолг рок на постапување | 36 дена |

***Табела бр.1***
***Приказ на роковите во кои судиите ги донесуваа своите одлуки за време на Локалните избори во 2017 година***

Анализирани беа и роковите кои ги определуваа судиите, во кои може да се изјави жалба на првостепените одлуки. Па така, видно од Табела број 2 е дека од страна на првостепените судови беа определувани различни рокови во кои може да се изјави жалба против првостепената одлука, од оној рок кој е пропишан во Изборниот законик (24 часа од приемот на одлуката). Имено, најкраткиот рок за изјавување на жалба против првостепена одлука определен од судиите беше 48 часа, а најдолгиот рок беше 8 дена.

| Судии | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Судија А** | **Судија Б** | **Судија В** | **Судија Г** |
| **Рок за жалба, по судија (изразен во часови/денови)** | 8 дена | 48 часа | 8 дена | 8 дена |
| | 8 дена | 48 часа | | |
| | 8 дена | 48 часа | | |
| | 8 дена | 48 часа | | |
| | 8 дена | | | |
| | 8 дена | | | |

***Табела бр.2***
***Приказ на определените рокови од страна на судии на првостепените судови во кои може да се изјави жалба против првостепена одлука, за време на Локалните избори во 2017 година***

## 11. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

- Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во текот на анализираната година, над субјектите над кои вршеше надзор, односно на радиодифузерите, операторите на јавна електронска комуникациска мрежа и издавачите на печатени медиуми, за констатирани поведи на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, прописите донесени врз основа на него, условите и обврските од дозволите, како и на Законот за медиуми, изрече вкупно 97 (деведесетиседум) мерки. Кога овој број ќе се спореди со бројот на изречени мерки во 2016 година, кој број изнесува 167 (стошеесетиседум) изречени мерки, може да се заклучи дека во 2017 година бројот на изречени мерки е значително помал. Ова укажува на фактот дека субјектите кои биле предмет на надзор покажале зголемена тенденција на почитување на прописите.

- Забележливо е дека, исто како и во 2016 година, така и во 2017 година најчесто бил прекршуван член 92 од ЗААВМУ, кој член се однесува на обврските на радиодифузерите за емитување музика и за програми изворно создадени на македонски јазик или на јазиците на заедниците во Република Македонија. Имено, во 2016 година во врска со членот 92 од ЗААВМУ биле изречени 19 мерки (од вкупно 39 мерки изречени на радиодифузерите за повреда на одредбите од ЗААВМУ), а во 2017 година изречени се 9 мерки (од вкупно 19 мерки изречени на радиодифузерите за повреда на одредбите од ЗААВМУ).

- Во однос на прекршувањата на Изборниот законик за време на Локалните избори 2017 година, Агенцијата поднесе 14 (четиринаесет) барања за поведување на прекршочна постапка. Кога овој број на поведени прекршочни постапки ќе се спореди со бројот на поведените прекршочни постапки и бројот на спроведените постапки за порамнување за време на Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија одржани во 2016 година, чиј вкупен број изнесува 67 (шеесетиседум), може да се констатира драстично намален број на сторени повреди на одредбите од Изборниот законик за време на Локалните избори 2017 година. Иако се работи за различен вид на избори и различен период на траење на изборното медиумско претставување, не може да не се забележи зголемен тренд на почитување на изборната регулатива од страна на радиодифузерите; и

- Со оглед дека Агенцијата при имплементацијата на Изборниот законик увиде недоследност, односно различна примена на член 178-а од Изборниот законик од страна

на судиите (околу тоа дали Агенцијата треба да спроведе забрзана постапка за порамнување пред да поведе прекршочната постапка за повреда на Изборниот законик), се обрати до неколку надлежни институции со цел да добие стручно мислење или став. Стручно мислење беше доставено само од овластениот предлагач на законот, Министерство за правда на Република Македонија, во кое беше наведено дека согласно утврденото во овој член, забрзаната постапка за порамнување повеќе не се спроведува. Даденото мислење, покрај на Агенцијата, помогна и за унифицирано постапување на судовите. Оттука, може да се заклучи дека повисоко ниво на респонзивност меѓу надлежните институции помага за конструктивно, ефикасно надминување на дилемите и придонесува за доследна имплементација на регулативата, што генерално претставува додадена вредност, но уште повеќе кога се работи за избори и изборна регулатива, имајќи ја предвид нивната важност за демократската атмосфера во општеството.

## 12. ПРЕПОРАКИ

➢ Во однос на покренувањето постапка за одземање на дозвола со доставување предлог на директорот на Агенцијата до членовите на Советот, во случај кога основот за одземање е неплаќање на надоместокот за дозволата во законски утврдениот рок, податоците од оваа Анализа покажуваат дека тоа се најголемиот број постапки од вкупно покренатите постапки за одземање на дозволи во 2017 година, како и воедно најголем број покренати постапки за одземање дозвола кои биле запрени, поради тоа што во дополнителните 15 дена утврдени во Законот (од приемот на предлогот од страна на членовите на Советот до крајниот рок за донесување на одлука за одземање на дозволата), имателите на дозволите извршиле плаќање на надоместокот.

Имено, од вкупно 28 (дваесетиосум) покренати постапки за одземање на дозвола во 2017 година, дури 26 (дваесетишест) биле покренати заради неплаќање на надоместокот за дозволата во законски утврдениот рок. Од 26-те пак покренати постапки заради неплаќање на надоместокот, дури 22 (дваесетидве) постапки биле запрени, поради тоа што во дополнителните 15 дена (од приемот на предлогот од страна на членовите на Советот до крајниот рок за донесување на одлука за одземање на дозволата), имателите на дозволите извршиле плаќање на надоместокот.

Ваквото постапување од страна на имателите на дозвола е евидентно и во текот на 2016 година, кога Агенцијата заради неплаќање на годишниот надоместок за дозволата за телевизиско или радио емитување (член 80 став 5 од ЗААВМУ) покрена 34 (триесетичетири) постапки за одземање на дозволата, од кои 31 (триесетиедна) постапка беше запрена, поради тоа што во дополнителниот рок од 15 дена имателите на дозволите извршија плаќање на надоместокот.

Со оглед дека имплементирањето на важечкото законско решение за одземање на дозвола претполага спроведување две одделни постапки (една за покренување постапка за одземање дозвола, а друга за одземање на дозволата), а имајќи предвид дека најголем број од покренатите постапки за одземање на дозвола биле поради неплаќање на надоместокот (вкупно 26 постапки), несомнено е дека ваквото законско решение - кога станува збор за одземање на дозволата поради неплаќање на надоместокот, предизвикува обемно администрирање и трошење ресурси на Агенцијата, односно зголемени оперативни трошоци[16] за регулаторното тело.

[16] Трошоци во смисла на изработка на предлози за покренување постапка за одземање на дозвола; предлог-известувања до радиодифузерите; предлози за запирање на покрената постапка за одземање на дозвола; решенија за запирање на покренатата постапка за одземање на дозвола, одржување чести седници на Советот.

Оттука, врз основа на анализираните податоци кои покажуваат дека во периодот по покренувањето на постапката за одземање на дозволата, а пред истекот на рокот за донесување одлука за нејзино одземање, радиодифузерите го плаќаат надоместокот, се препорачува да се измени членот 83 од ЗААВМУ (постапка за одземање на дозволата), така што само кај постапката за одземање на дозволата поради неплаќање на надоместокот, ќе се предвиди исклучок, односно доколку имателот на дозволата не го плати надоместокот во законски утврдениот рок, Советот на Агенцијата директно да носи одлука за одземање на дозвола, без нејзино претходно иницирање.

Воедно, со цел на имателите на дозволите да не им се ускратат дополнителните 15 дена утврдени согласно важечкото законско решение (од приемот на предлогот од страна на членовите на Советот до крајниот рок за донесување на одлука за одземање на дозволата) за усогласување на своето работење со законот, препорачливо е утврдениот рок за плаќање на годишниот надоместок за дозволата во член 80 став 5 од ЗААВМУ, наместо 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата да се измени, така што ќе гласи 45 дена од денот на нејзиниот прием.

- Тенденцијата на најчесто прекршување на членот 92 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (обврска на радиодифузерите за емитување музика и за програми изворно создадени на македонски јазик или на јазиците на заедниците во Република Македонија) од година во година, наговестува дека имплементацијата на овој член во практиката за радиодифузерите претставува потешкотија. Препорачливо е да се истражи причината за ваквата состојба, на начин што низ комуникација со субјектите на надзор и други релевантни чинители, истата би се надминала, можеби и во насока на измени или дополнување на регулативата во овој дел.

Бр. 01-1695/1

02.04.2018 година

Анализата ја одобри:

______________________

д-р Зоран Трајчевски, Директор

## 13. ПРИЛОЗИ

1. Решенија за преземање мерка – опомена од страна на АААВМУ до радиодифузерите (ТРД);
2. Преглед на успешно спроведени постапки за порамнување за прекршувања на одредбите од ЗААВМУ, од страна на радиодифузерите во Република Македонија, за сторени прекршувања во 2017 година;
3. Предлози до Советот за одземање на дозволата на радиодифузерите;
4. Решенија за бришење од регистарот на радиодифузери;
5. Решенија за преземање мерка – опомена од страна на АААВМУ до операторите на јавна електронска комуникациска мрежа;
6. Решенија за преземање мерка – опомена од страна на АААВМУ до издавачите на печатени медиуми;
7. Преглед на поднесени барања за поведување на прекршочни постапки за прекршувања на одредбите од Изборниот законик - Неодржани предвремени избори (јуни) за пратеници во Собранието Република Македонија во 2016 година;
8. Преглед на прекршочните постапки со барања за изрекување опомени, за предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија,одржани на 11 декември 2016 година;
9. Преглед на прекршочните постапки со барања за изрекување глоби, за предвремените избори за пратеници во Собранието на Републик Македонија одржани на 11 декември 2016 година; и
10. Преглед на прекршочни постапки од Локалните Избори 2017 година.

**Прилог бр.1**

| РЕШЕНИЈА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКА – ОПОМЕНА ОД СТРАНА НА АААВМУ ДО РАДИОДИФУЗЕРИТЕ (ТРД)<br><br>41 (четириесетиедна) превземена мерка - опомена | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Реден Број** | **Назив на радиодифузерот<br><br>на кого му е доставено решението** | **Уп 1 број и датум на решението** | **Одредба од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) и од Законот за медиуми (ЗМ) која е повредена** | **Опис на дејствието поради кое на радиодифузерот му е доставено решението од страна на Агенцијата** |
| 1. | Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр.03-61 од 15.02.2017 година | Член 64 став 3 од Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Водителот на емисијата „Јади бурек" остварил контакт во живо со Џејсон Мико, американски аналитичар, при што разговорот е емитуван на англиски јазик, без да биде преведен на македонски јазик со што е сторено прекршување на член 64 став 3 од ЗААВМУ. |
| 2. | Трговско радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр.03-217 од 07.04.2017 година | Член 92 став 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | На 17 март 2017 година, не обезбеди најмалку 40% од емитуваната музика во текот на денот да биде вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик и/или инструментална музика од македонски автори. |
| 3. | Радиодифузно трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ - Скопје | Уп 1 бр.03-235 од 27.04.2017 година | Член 92 став 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | На 17 март 2017 година, воопшто не е емитувана вокална и/или вокално – инструментална музика на македонски јазик и инструментална музика од македонски автори. |
| 4. | Трговско радиодифузно друштво КТВ ДООЕЛ Кавадарци | Уп 1 бр.03-236 од 27.04.2017 година | Член 15 став 5 од Законот за медиуми | Во законски предвидениот рок (31 март 2017 година) не достави до Агенцијата писмен извештај за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за телевизиско емитување, ниту информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во Република Македонија или надвор од неа. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5. | Трговско радиодифузно друштво БУБА МАРА Ранко ДООЕЛ Скопје | Уп 1 бр.03-237 од 27.04.2017 година | Член 92 став 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | На 17 март 2017 година не обезбеди најмалку 40% од емитуваната музика во текот на денот да биде вокална и/или вокално – инструментална музика на македонски јазик и/или на српски јазик (имајќи предвид дека дозволата е доделана за емитување на македонски и српски јазик) и/или инструментална музика од македонски автори. |
| 6. | Трговско радиодифузно друштво БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола | Уп 1 бр.03-238 од 27.04.2017 година | Член 15 став 5 од Закон за медиуми | Во законски предвидениот рок (31 март) 2017 година) не достави до Агенцијата писмен извештај за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за радио емитување, ниту информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во Република Македонија или надвор од неа, со што не ги исполни обврските од член 15 став 5 од Законот за медиуми. |
| 7. | Трговско радиодифузно друштво РАДИО ФОРТУНА Виолета ДООЕЛ Скопје | Уп 1 бр.03-239 од 27.04.2017 година | Член 92 став 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | На 17 март 2017 година не обезбеди најмалку 40% од емитуваната музика во текот на денот да биде вокална и/или вокално инструментална музика на македонски јазик и/или инструментална музика од македонски автори. |
| 8. | Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје | Уп 1 бр.03-244 од 27.04.2017 година | Член 15 став 5 од Закон за медиуми | Во законски предвидениот рок (31 март) 2017 година) не достави до Агенцијата писмен извештај за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за телевизиско емитување, ниту информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во Република Македонија или надвор од неа, со што не ги исполни обврските од член 15 став 5 од Законот за медиуми. |
| 9. | Трговско радиодифузно друштво Зоран Здравковиќ МХ – РАДИО ОХРИД ДООЕЛ | Уп 1 бр.03-245 од 27.04.2017 година | Член 15 став 5 од Закон за медиуми | Во законски предвидениот рок (31 март) 2017 година) не достави до Агенцијата писмен извештај за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за радио емитување, ниту информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во Република Македонија или надвор од неа, со што не ги исполни обврските од |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | член 15 став 5 од Законот за медиуми. |
| 10. | Радиодифузно трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ - Скопје | Уп 1 бр.03-246 од 27.04.2017 година | Член 15 став 5 од Закон за медиуми | Во законски предвидениот рок (31 март) 2017 година) не достави до Агенцијата писмен извештај за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за радио емитување, ниту информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во Република Македонија или надвор од неа, со што не ги исполни обврските од член 15 став 5 од Законот за медиуми. |
| 11. | Трговско радиодифузно друштво РАДИО ПУЛС<br><br>ДООЕЛ Неготино | Уп 1 бр.03-247 од 27.04.2017 година | Член 15 став 5 од Закон за медиуми | Во законски предвидениот рок (31 март) 2017 година) не достави до Агенцијата писмен извештај за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за радио емитување, ниту информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во Република Македонија или надвор од неа, со што не ги исполни обврските од член 15 став 5 од Законот за медиуми. |
| 12. | Трговско Радиодифузно друштво РАДИО МЕРАК 5 ФМ Љупчо и Владимир ДОО Велес | Уп 1 бр.03-248 од 27.04.2017 година | Член 15 став 5 од Закон за медиуми | Во законски предвидениот рок (31 март) 2017 година) не достави до Агенцијата писмен извештај за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за радио емитување, ниту информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во Република Македонија или надвор од неа, со што не ги исполни обврските од член 15 став 5 од Законот за медиуми. |
| 13. | Трговско радиодифузно друштво Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид | Уп 1 бр.03-249 од 27.04.2017 година | Член 15 став 5 од Закон за медиуми | Во законски предвидениот рок (31 март) 2017 година) не достави до Агенцијата писмен извештај за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за радио емитување, ниту информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во Република Македонија или надвор од неа, со што не ги исполни обврските од член 15 став 5 од Законот за медиуми. |
| 14. | Трговско радио дифузно друштво ПЛУС ФОРТЕ<br><br>ДООЕЛ Тетово | Уп 1 бр.03-250 од 27.04.2017 година | Член 15 став 5 од Закон за медиуми | Во законски предвидениот рок (31 март) 2017 година) не достави до Агенцијата писмен извештај за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за радио |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | емитување, ниту информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во Република Македонија или надвор од неа, со што не ги исполни обврските од член 15 став 5 од Законот за медиуми. |
| 15. | Трговско радиодифузно друштво ЏЕЗ ФМ Љупчо - ДООЕЛ Скопје | Уп 1 бр.03-251 од 27.04.2017 година | Член 15 став 5 од Закон за медиуми | Во законски предвидениот рок (31 март) 2017 година) не достави до Агенцијата писмен извештај за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за радио емитување, ниту информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во Република Македонија или надвор од неа, со што не ги исполни обврските од член 15 став 5 од Законот за медиуми. |
| 16. | Трговско радиодифузно друштво РАДИО ВАЛАНДОВО ДОО Валандово | Уп 1 бр.03-252 од 27.04.2017 година | Член 15 став 5 од Закон за медиуми | Во законски предвидениот рок (31 март) 2017 година) не достави до Агенцијата писмен извештај за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за радио емитување, ниту информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во Република Македонија или надвор од неа, со што не ги исполни обврските од член 15 став 5 од Законот за медиуми. |
| 17. | Трговско радиодифузно друштво Телевизија КАНАЛ - 21 ДООЕЛ Велес | Уп 1 бр.03-253 од 28.04.2017 година | Член 15 став 5 од Закон за медиуми | Во законски предвидениот рок (31 март) 2017 година) не достави до Агенцијата писмен извештај за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за телевизиско емитување, ниту информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во Република Македонија или надвор од неа, со што не ги исполни обврските од член 15 став 5 од Законот за медиуми. |
| 18. | Трговско радиодифузно друштво РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ | Уп 1 бр.03-254 од 28.04.2017 година | Член 15 став 5 од Закон за медиуми | Во законски предвидениот рок (31 март) 2017 година) не достави до Агенцијата писмен извештај за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за радио емитување, ниту информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во Република Македонија или надвор од неа, со што не ги исполни обврските од член 15 став 5 од Законот за медиуми. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| 19. | Трговско Радио - Дифузно Друштво Б-97<br><br>ДООЕЛ Битола | Уп 1 бр.03-255 од 28.04.2017 година | Член 15 став 5 од Закон за медиуми | Во законски предвидениот рок (31 март) 2017 година) не достави до Агенцијата писмен извештај за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за радио емитување, ниту информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во Република Македонија или надвор од неа, со што не ги исполни обврските од член 15 став 5 од Законот за медиуми. |
| 20. | Трговско радиодифузно друштво РТВ ДРИНИ<br><br>ДООЕЛ Струга | Уп 1 бр.03-256 од 28.04.2017 година | Член 15 став 5 од Закон за медиуми | Во законски предвидениот рок (31 март) 2017 година) не достави до Агенцијата писмен извештај за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за радио емитување, ниту информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во Република Македонија или надвор од неа, со што не ги исполни обврските од член 15 став 5 од Законот за медиуми. |
| 21. | Трговско радиодифузно друштво Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид | Уп 1 бр.03-262 од 04.05.2017 година | Член 15 став 3 од Законот за медиуми | Во првиот предвиден рок не ги објави на сопствената програма податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично) и до Агенцијата не достави снимка од објавата во рок од 15 дена од денот на објавувањето. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
